## *Кон овој број*

Списанијата од овој вид, какво што е Годишниот зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, имаат посебно значење за збогатување на наставно-научната дејност, особено на една вака реномирана високообразовна институција како што е Филозофскиот факултет. Со задоволство можам да констатирам дека повеќедецениското присуство на една ваква публикација говори само по себе за нејзиното реноме. Без оглед на тоа што како и секоја публикација од ваков вид се соочувала и се соочува со најразновидни предизвици, Годишниот зборник успешно опстојува и го одржува својот рејтинг на квалитетна научна публикација, за која се знае не само во рамките на Република Македонија, туку и во светски рамки. Секако, тоа не би било возможно доколку во публикацијата не се публикуваат трудови кои имаат високо научно, стручно и образовно реноме.

Во време во кое издавачката дејност на стручни и научни списанија во Република Македонија не е на завидно ниво, Годишниот зборник дава можност на едно место да бидат концентрирани трудови на голем број автори од различни дисциплини и области на општествено-хуманистичките науки. Ова е дотолку позначајно, доколку се има во вид дека за поедини области и дисциплини, со децении не постојат материјалнио можности за одделни научни списанија, а некои од постоечките полека згаснуваат. Воедно, оваа публикација претставува богат и вреден извор од кој студентите на додипломските, последипломските и докторските студии црпат најнови сознанија за областите и дисциплините за кои се определиле да ги студираат и истражуваат.

Како долгогодишен член на повеќе состави на Редакцискиот одбор, а сега и во функција на Претседател на редакцискиот одбор, потполно сум свесен дека современиот начин на размена на најновите научни сознанија и истражувачки резултати преку современите средства за комуникација, ваквиот вид публикација го ставаат пред голем предизвик. Од тие причини, Редакцискиот одбор на Годишниот зборник неколку години наназад размислува публикацијата да ја промовира и направи достапна во дигитална форма или, да го употребам веќе прифатениот термин, да ја направи достапна „on-line“. Првите чекори кон овој вид на публикување беше направени со објавување на апстрактите на сите статии објавени во број 60 на ин-

тернет страницата на Филозофски факултет. Следниот чекор е Годишен зборник достапен и во печатена и во „on-line“ верзија, за кој се надеваме дека ќе го исчекориме и дека ќе се оствари со изработката на новата интернет страница на Филозофски факултет, која треба да се стане функционална до крајот на оваа година.

До тогаш, Ви го предаваме во раце број 62 на Годишниот зборник во кој ќе имате можност да прочитате 44 научни статии и еден приказ од различни области и дисциплини на општествено-хуманистичките науки, за кои сум сигурен дека ќе го привлечат вниманието не само на домашната, туку и на меѓународната научна јавност.

Проф. д-р *Владимир Давчев*
Претседател на редакцискиот одбор на Годишниот зборник